# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈАНУАРИ 2026 г.





**Градоначалникот Грозданов ги посети дежурните противпожарни и полициски служби**

На 1 јануари 2026 година градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов ги посети Територијалната противпожарна единица – Кочани и Одделението за внатрешни работи – Полициската станица – Кочани, каде што на дежурните служби им ја честита Новата година и разговараше за активностите од празничната ноќ.

Во ТППЕ – Кочани информираа дека единицата немала интервенции минатата ноќ. Градоначалникот ја искористи посетата да направи увид на возниот парк и да разговара за можните решенија за надминување на предизвиците со кои се соочуваат кочанските пожарникари при интервенциите на терен.

Командирот на ПС – Кочани, Горан Миленковски-Спенсер и началникот на Надворешната канцеларија за криминалистички работи, Тоше Стојанов и нивните соработници информираа за преземените активности во делот на криминалитетот, јавниот ред и мир и во сообраќајот, а истакнаа дека синоќа е регистрирана и минимална употреба на пиротехнички средства.

– Новогодишната ноќ поминала во релативно мирна атмосфера, со минимални интервенции од помал обем. Средбите во ТППЕ – Кочани и ПС – Кочани ги искористивме да разговараме и за решавање на наталожени проблеми и за претстојни активности што ќе помогнат за забрзана реализација на веќе најавени капитални проекти – соопшти градоначалникот Грозданов.

**Свечено пуштена во употреба новата градинка „Детелинки“**

Во присуство на премиерот Христијан Мицкоски, заменик-

| | |
|---|---|
| | министерот за социјална политика Ѓоко Велковски, пратеникот Миле Лефков и претставници од централната и локалната власт, свечено беше пуштен во употреба новиот објект на Детската градинка „Павлина Велјанова“ во населбата Драчевик во Кочани.<br><br>Градоначалникот Владко Грозданов истакна дека новиот објект „Детелинки“ при Детската градинка „Павлина Велјанова“ е директен одговор на потребите на нашите сограѓани, на нашите најмлади, на нивните родители и на нашата иднина.<br><br>– Овој објект денес промовира и е резултат на една заедничка визија и симбол како може да има една многу солидна синергија помеѓу централната и локалната власт. Како прво, ќе се намали листата на чекање за прием на децата во градинките, ќе се зголеми бројот на згрижени деца во градинките, ќе се олесни секојдневието на нивните родители и ќе се овозможи еден европски стандард за престој, учење и развој на нашите најмили. Објект кој се простира на 1 000 квадратни метри институционален простор и околу 2.500 квадратни метри дворна површина ќе згрижува повеќе од 120 дечиња на возраст од 9 месеци до 6 години, ќе отвори нови 20 работни места за нашите сограѓани и ќе е многу поблизок пристап за родителите кои ги носат своите дечиња во оваа градинка од овој регион – рече Грозданов.<br><br>– Ова е симболичен и значаен начин да ја започнеме 2026 година – со инвестиција во најмладите и во иднината на оваа општина. Министерството за социјална политика, демографија и млади ги обезбеди потребните согласности за вработување на стручниот кадар во детската градинка. Како Влада продолжуваме да инвестираме во отворање на нови капацитети, обезбедувајќи современи услови за развој и воспитание на нашите најмлади граѓани – соопшти Ѓоко Велковски, заменик-министер за социјална политика, демографија и млади.<br><br>– За мене секогаш претставува задоволство кога се пушта во употреба објект кој додава квалитет во животот на граѓаните. Така е и со овој објект во Кочани – изјави премиерот Мицкоски, посочувајќи дека градинката има јасна функција и капацитет за згрижување значителен број деца. Тој потсети дека бил потребен подолг временски период за објектот целосно да биде ставен во функција, но нагласи дека денес градинката е функционална и исполнета со деца и вработени кои имаат хумана и одговорна задача.<br><br>Директорката на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Јованка Ефтимова во своето обраќање, а и децата згрижени во градинката, преку претставата го истакнаа значењето на новата градинка во Кочани. |

<table>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td><br></td><td>Студентите стипендисти на Општина Кочани ги потпишаа договорите за користење на стипендијата за академската 2025/26 година<br><br>Триесет и еден студент од Кочани ќе користи стипендија од Општина Кочани за академската 2025/2026 година.<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани, Владко Грозданов им ги додели договорите на студентите и им посака успех во понатамошното студирање.<br><br>– Очекувам општинската стипендија, која од оваа година е со зголемен износ, да биде добра мотивација и поддршка за да постигнувате натамошни успеси во студирањето – рече во своето обраќање пред студентите градоначалникот Грозданов.<br><br>– Конкурсот беше распишан за 30 студенти на прв циклус студии на јавните високообразовни институции во Македонија, но градоначалникот Грозданов направи отстапка и донесе одлука од својата буџетска програма да издвои средства за уште една стипендија, со што сите студенти што ги исполнија условите според конкурсот, ќе користат стипендија од Општина Кочани. Доделените стипендии се од сите категории опфатени со конкурсот – изјави Голубинка Георгиева, претседателка на Комисијата за стипендии.<br><br>Оваа година од 45 пријавени, деветмина студенти се откажаа поради добивање државна стипендија, а петмина не ги исполнија условите.<br><br>Месечниот износ на општинската стипендија годинава е 4 илјади денари и се исплаќа десет месеци.</td></tr>
<tr><td><br></td><td>Градоначалникот Грозданов посети корисници на услугите од Центарот за нега на стари<br><br>Центарот за нега на стари лица во Кочани ќе продолжи да работи и во 2026 година. Градоначалникот Владко Грозданов и екипи од Општина Кочани и од провајдерот на услугите, Општинската организација на Црвен крст – Кочани посетија двајца од 50-те корисници на услугата.<br><br>– Од посетата на корисниците на услугите видовме дека тие се задоволни што има кој да им помогне за извршување на основни дневни потреби, храна, лична и домашна хигиена и нега. Ќе настојуваме преку Министерството за социјална политика да добиеме</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | проширување на бројот на негувателите – истакна градоначалникот Грозданов.<br><br>Центарот функционира од февруари 2022 година и е значајна помош на болни, немоќни и осамени стари лица. На листата на чекање за оваа услуга се триесетина лица, а негувателите се обучени, со сертификат за нега на стари лица.<br><br>Средствата за реализација на оваа услуга ги обезбедува Министерството за социјална политика, Центарот за социјални работи Кочани ги издава решенијата за давање на услугата, а Општина Кочани учествува со обезбедени просторни и технички услови за реализација. |
| <br><br> | **Бадниковите поворки во Кочани и во Оризари ги поздрави градоначалникот Владко Грозданов**<br><br>Околу 500 деца на возраст од 3 до 18 години годинава учествуваа на Бадниковата поворка што ја организира Црковниот храм „Св. великомаченик Георгиј“ од Кочани.<br><br>Подготвувани за празничниот настан близу еден месец, учесниците со празнични песни посветени на раѓањето на Богомладенецот, поминаа од кочанскиот храм, преку централното градско подрачје до Градскиот плоштад, каде што во Општина Кочани беа пречекани од градоначалникот Владко Грозданов.<br><br>Кочанските коледарчиња добија од градоначалникот Грозданов симболични подароци, а тој им упати желби за здравје, радост и успеси и на сите православни христијани им го честита големиот празник, Христовото раѓање – Божиќ.<br><br>Годинава, градоначалникот Владко Грозданов ја поздрави и за прв пат организираната Бадникова поворка во Оризари, а со колачиња ги почести и оризарските дечиња.<br><br>Бадниковата поворка прераснува во голема народно-културна и духовна манифестација, посветена на радосното најавување на Христовото раѓање. |
| | **На Божиќ се роди првото бебе во Кочани**<br><br>На Божиќ, 7 јануари, во раните утрински часови се роди Миха, првото новороденче во 2026 година во Кочани. Мајката Виолета од Оризари роди здраво машко дете, второ во семејството Димитровски од Оризари. |

| | |
|---|---|
| <br><br><br> | Градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов го посети Гинеколошко-акушерското одделение во Општа болница – Кочани, каде што со д-р Илчо Атанасовски, којшто го изврши породувањето и со директорката на болницата Катерина Мирчовска-Паниќ ѝ ја честитаа рожбата на мајката.<br><br>Градоначалникот им ги врачи традиционалните подароци на бебето и на мајката и им посака добро здравје и многу среќа во животот.<br><br>– Во моментите кога го славиме најголемиот христијански празник, раѓањето на нашиот Бог, Исус Христос се раѓа и нова надеж во Кочани. Ова не е симболика, ова е јасна порака со која, Господ Бог е со нас и со негова помош ќе се трудиме да го направиме тоа што многупати го кажавме, за повторно раѓање на Кочани и на кочанската болница. Од мое лично име и од име на Општина Кочани на малиот наш сограѓанин, му посакувам безгрижно детство, многу здравје и да биде гордост на неговите родители и на нашиот град Кочани. Ние како Општина ќе бидеме посредник меѓу централната власт и институцијата болница во Кочани за што е можно побрзо возобноување и повеќе инвестиции, како на кадровско така и на организациско поле – рече градоначалникот Грозданов.<br><br>На Гинеколошко-акушерското одделение и на дежурната екипа градоначалникот им врачи подароци и им посака успешна работа во 2026 година.<br><br>Доктор Илчо Атанасовски соопшти дека во 2025 година на Гинеколошкото одделение во Кочани се извршени 1600 прегледи и 230 хоспитализации. Бројот на породувања е помал во споредба со лани, но бројот на дијагностицирани карциноми е зголемен од 5 во 2024 на 16 во 2025.<br><br>Според директорката Паниќ-Мирчовска се очекува брзо кадровско екипирање на Гинеколошко-акушерското одделение со нови специјалисти, како и подобрување на медицинската опрема во кочанската болница. |
|  | **По празничната литургија во црквата „Св. великомаченик Георгиј“ градоначалникот Владко Грозданов упати божиќна честитка до верниците**<br><br>Традиционално, на вториот ден од Христовото раѓање – Божиќ, во црковниот храм „Свети великомаченик Георгиј“ во Кочани се одржа свечена празнична литургија, на која чиноначалствуваше митрополитот Брегалнички г. Иларион.<br><br>Меѓу големиот број верници, на богослужбата беше и |

| | |
|---|---|
|  | градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов. По завршувањето на литургијата, градоначалникот им го честита големиот христијански празник Божиќ на сите православни христијани, упатувајќи порака на мир, љубов и заедништво.<br><br>– Божиќ е празник на светлината, надежта и на човечката добрина. Христовото раѓање нека донесе здравје, мир и благосостојба во секој дом, а во нашата заедница повеќе солидарност, разбирање и меѓусебна почит. Да ги чуваме традицијата и духовните вредности што нѐ обединуваат и нѐ водат напред – порача градоначалникот Грозданов.<br><br>Празничната атмосфера во храмот беше исполнета со молитва и духовна радост, во духот на божиќното славје и вековната православна традиција. |
| <br><br> | **Отстранета мала депонија во близина на Противпожарната единица во Кочани**<br><br>По дојава на граѓани, општинските комунални служби во соработка со екипа на КЈП „Водовод“, отстранија мала дива депонија во близина на Територијалната противпожарна единица во Кочани.<br><br>Акцијата е дел од континуираните активности на Општина Кочани за одржување на хигиената на јавните површини и спречување на создавање диви депонии.<br><br>Општина Кочани апелира до граѓаните за поголема одговорност и совесно однесување, со цел заеднички да се заштити животната средина и секој дел од градот да се зачува чист и уреден. Јавната чистота е заедничка обврска, а нејзиното одржување зависи од секој поединец. |
|  | **Отстранети одрони на локални патни правци во Кочанско**<br><br>Поради обилно надојдените води, на територијата на Кочанско се регистрирани одрони и свлечишта на локални патни правци.<br><br>Со помош на механизација на КЈП „Водовод“, е извршена интервенција за отстранување на свлечиште на патот меѓу селата Бели и Пантелеј. По завршената интервенција, патниот правец е целосно расчистен и повторно прооден за сообраќај.<br>Истовремено, со механизација е отстранет и одрон на патниот правец Кочани – Брана Гратче, со што е |

| | |
|---|---|
| | овозможено безбедно одвивање на сообраќајот.<br><br>Надлежните апелираат до возачите да управуваат со моторните возила внимателно и претпазливо и да ја приспособат брзината според условите на патот. |
|  | **Со механизација се стабилизира текот на реката Масалница**<br><br>Поради високиот водостој, реката Масалница во атарот на Оризари повторно е надојдена. Екипи со севкупната расположлива механизација, интензивно работат на терен со цел соодветно да се канализира речното корито и да се спречат можни штети предизвикани од поплави.<br><br>Активностите се насочени кон стабилизирање на текот на реката и заштита на околното земјоделско земјиште и на инфраструктурата на потегот од Грдовци кон Оризари. Надлежните служби ја следат состојбата на терен и се подготвени за дополнителни интервенции, доколку има потреба.<br><br>– Со ангажирање на целокупната механизација и координација на службите, преземаме сè што е во наша надлежност за да спречиме поголеми последици од надојдената Оризарска Река – изјави Владко Грозданов, градоначалник на Општина Кочани.<br><br>Општина Кочани апелира до граѓаните да бидат внимателни и да ги почитуваат препораките на надлежните институции. |
|  | **Обилните врнежи штетни по патната инфраструктура во Оризарско**<br><br>По пријава од жителите на селото Оризари за забележани напукнувања на асфалтот на патот што води кон месноста Добра Вода, градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов и директорот на Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ Дејан Анакиев излегоа на терен за увид во состојбата и преземање итни мерки за заштита.<br><br>Поради сериозното надоаѓање на водата и опасноста од оштетување на патната инфраструктура, ангажирана е механизација којашто е спуштена во речното корито со цел да се регулира текот на Масалница и да се спречи натамошното поткопување и евентуалните штети.<br><br>– Безбедноста на граѓаните и заштитата на инфраструктурата се наш приоритет. Веднаш по добиената информација излеговме на терен и ангажиравме механизација за да се стабилизира коритото и да се |



спречат поголеми последици. Состојбата постојано се следи и ќе преземеме дополнителни мерки доколку има потреба, вели градоначалникот Грозданов.

Според кажувањата на мештаните, вакво надоаѓање на водата не паметат повеќе од 20 години, а на одредени места длабочината на Масалница достигнува и до 1,5 метар, што дополнително ја усложнува состојбата на терен.

Надлежните служби остануваат на терен и ја следат состојбата, а Општина Кочани апелира до граѓаните на внимателност и навремено пријавување на евентуални нови проблеми.









**На јавна трибина во Кочани граѓаните дебатираа за локацијата на спомен-обележјето „Патека на бесконечноста“**

По заклучок на Советот на Општина Кочани, градоначалникот на Општина Кочани организираше јавна трибина по иницијативата на Здружението на граѓани „16 март 2025 – Кочани“ за определување локација за спомен-обележје на местото познато како Стар парк во Кочани, на триаголникот помеѓу улиците „Браќа Ставреви“ и „Кеј на револуцијата“.

Во присуство на заинтересирани граѓани, во салата на Мултикултурниот центар за Кочани, службите од Одделението за урбанизам соопштија дека односната локација е плански соодветна за реализација на барањето од Здружението на граѓани.

Со цел да се опфати мислењето на пошироката јавност, во периодот од 2 до 11 јануари беше активна анкета на оваа тема, којашто содржеше две прашања: Дали се согласувате со иницијативата на Здружението на граѓани „16 март 2025 – Кочани“, локацијата Стар парк (на триаголникот помеѓу улиците „Браќа Ставреви“ и „Кеј на револуцијата“) да биде определена за локација за спомен-обележје на загинатите во „Пулс“ и второто прашање, всушност беше опис на мислењето во врска со иницијативата.

На анкета со помош на дигиталната алатка мЗаедница, на првото прашање одговориле: 260 граѓани, од кои 82 % се согласуваат со предлогот за определување локација за спомен-обележје, а 18 % се против. На второто прашање одговориле вкупно: 132 граѓани, од кои 63 % ја образложиле согласноста, 19 % не дале образложение, 0,05 % се изјасниле повторно дека не се согласуваат, додека останатите не дале јасни образложенија.

Јавната трибина беше искористена и за директно анкетирање на учесниците, коишто можеа да пополнат







анкетен лист со истите прашања. Од 53 учесници во анкетата, сите одговориле дека се согласуваат со предложената локација.

По објаснувањето на идејата и значењето на спомен-обележјето „Патека на бесконечноста“ од Александар Наунов, претседател на Здружението, граѓаните имаа можност на јавната трибина да ги искажат своите мислења, да прашуваат и да предлагаат, а градоначалникот Владко Грозданов одговараше на нивните прашања и ја образложи неопходноста од трибинате како форма за непосредно учество на граѓаните во донесувањето одлуки и можност за отворено сопоставување на различните мислења.

Претседателот на Советот на Општина Кочани Александар Андов и присутните членови претставници од советнички групи отворено ја изразија подготвеноста на следната седница да ја прифатат поднесената иницијатива на Здружението „16 март“, а градоначалникот Грозданов најави итни административни постапки со цел спомен-обележјето да биде завршено до годишнината од смртта на младите во пожарот во „Пулс“.



**Проектот за изградба на типски куќички за станарите од Старата касарна ќе се реализира годинава**

Градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов, оствари работна средба со заменик-министерот за односи меѓу заедниците Неждет Мустафа. На средбата се разговараше за повеќе прашања од локално значење, со посебен акцент на изградбата на типските куќички за станарите од Старата касарна во Кочани.

Станува збор за проект кој со години е во фаза на планирање, а според најавите од општинското раководство, неговата реализација треба да биде целосно заокружена до крајот на оваа календарска година. На урбанистички определена локација е предвидена изградба на седум објекти за групно домување, секој со по четири станбени единици. Секој објект ќе има вкупна површина од 138 квадратни метри.

Градоначалникот Владко Грозданов истакна дека проектот има големо социјално значење и претставува решавање на долгогодишен проблем за жителите на Старата касарна.

– Ова е проект што долго време го чекаат граѓаните и наша обврска е конечно да го реализираме. Обезбедуваме трајно и достоинствено домување за семејствата од Старата касарна и очекуваме изградбата на типските куќички да биде целосно завршена до крајот на оваа година. Општина

| | |
|---|---|
| | Кочани останува посветена на решавање на вакви суштински прашања од интерес на граѓаните – изјави градоначалникот Грозданов.<br><br>На средбата со заменик-министерот Мустафа беше нагласена подготвеноста за понатамошна соработка меѓу Општина Кочани и Министерството за односи меѓу заедниците, со цел успешно и навремено да се планираат и реализираат и други проекти. |
|  | **Средба на градоначалникот Грозданов со претседателот на Комисијата на АЕК Орце Симов**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов оствари работна средба со претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации Орце Симов. На средбата се разговараше за можностите за унапредување на дигиталната трансформација во локалната самоуправа, зајакнување на сајбер-безбедноста, како и за реализирани и потенцијални донации во Кочани.<br><br>Посебен акцент беше ставен на дигитализацијата на административните процеси, подобрување на електронските услуги за граѓаните и зголемување на безбедноста на информациските системи, со цел поефикасна, потранспарентна и посигурна локална самоуправа.<br><br>Градоначалникот Грозданов ја истакна важноста од соработката со Агенцијата за електронски комуникации како клучен партнер во процесите на дигитален развој. Соговорниците се согласија дека континуираната институционална соработка е клучна за успешно справување со предизвиците во областа на дигитализацијата и сајбер-безбедноста на локално ниво. |
|  | **Се отстранува дефект на водоводната мрежа на улицата „Ѓорче Петров“ во Кочани**<br><br>Поради дефект на водоводната мрежа на улицата „Ѓорче Петров“ во Кочани, деновиве дојде до излевање на вода од пукната водоводна цевка, која поради ниските температури замрзнуваше долж улицата и создаваше отежнати услови за движење. Жителите од овој дел на градот се соочија со проблеми при приодот до своите домови, а минувачите и возачите беа изложени на зголемен ризик при движењето.<br><br>Екипи на КЈП „Водовод“ интервенираа на терен, при што го отстрануваат дефектот и ја канализираат водата што истекува, со цел да се спречи понатамошно замрзнување и да се обезбеди безбедно движење по улицата. |

| | |
|---|---|
|  | На терен, заедно со екипите на „Водовод“, беше и градоначалникот на Општина Кочани, Владко Грозданов, кој ја следеше интервенцијата и ја истакна важноста од навремено реагирање на ваквите дефекти, особено во зимски услови, со цел заштита на безбедноста на граѓаните и нормално функционирање на сообраќајот.<br><br>Општина Кочани и КЈП „Водовод“ апелираат до граѓаните за трпение и разбирање додека траат интервенциите, со настојувања дефектот да биде целосно саниран во најкраток можен рок. |
|  | **Поставена заштитна ограда на скалите на улицата „АСНОМ“ во Кочани**<br><br>Со цел да се зголеми безбедноста на пешаците, на почетокот на улицата „АСНОМ“ во Кочани е поставена заштитна ограда на скалите. Оваа интервенција е реализирана како превентивна мерка за намалување на ризикот од незгоди при движењето, особено во услови на зголемена фреквенција на сообраќај и стрмен терен.<br><br>Улицата „АСНОМ“ се спојува со „Кеј на револуцијата“, во непосредна близина на Градскиот парк, каде што секојдневно се движат голем број пешаци и возила. Скалите водат кон стрмна угорнина, што дополнително ја зголемува опасноста, особено за повозрасните граѓани, децата и лицата со отежнато движење.<br><br>Поставувањето на оградата има за цел да обезбеди посигурно движење на пешаците и да придонесе кон унапредување на јавната безбедност во овој дел од градот. |
| <br><br> | **Средба на градоначалникот Владко Грозданов со сопствениците на пицериите од Трговскиот центар блок А**<br><br>Градоначалникот Владко Грозданов и претставници на Одделението за урбанизам од Општина Кочани остварија средба со сопствениците на пицериите од Трговскиот центар блок А, со цел да најдат најсоодветно решение за проблемот со бесправно изградените монтажни објекти на терасата од источната страна на овој блок.<br><br>Градоначалникот Грозданов потсети на реакциите на станарите од Трговскиот центар блок А за узурпираната тераса и за ширењето на непријатните мириси од кујните на угостителските објекти.<br><br>Градежниот инспектор при Општина Кочани соопшти дека доколку сопствениците ги отстранат своите објекти |



самоиницијативно, ќе бидат прекинати актуелните кривични постапки во врска со овој предмет. Во меѓувреме Општината треба да понуди унифицирано решение за овие објекти, соодветно на намената и на безбедносните стандарди на јавната површина.

Сопствениците на пицериите од Трговскиот центар блок А, начелно се согласија до крајот на март да почнат со отстранување на објектите. Потоа Општина Кочани треба да обезбеди решение за користење на овој простор согласно актуелните законски прописи.







**Амбасадорката на Германија Петра Дрекслер во посета на Општина Кочани**

На 15 јануари, германската амбасадорка Петра Дрекслер ја посети Општина Кочани, каде што оствари средба со градоначалникот Владко Грозданов.

На средбата се разговараше за актуелната состојба во Кочани, во пресрет на годишнината од трагичниот пожар во објектот „Пулс“, како и за тековните активности на Општината, предизвиците и можностите за понатамошен развој. Градоначалникот Грозданов ја информираше амбасадорката за напорите што ги вложува локалната самоуправа за подобрување на безбедноста, јакнење на капацитетите на службите и за унапредување на квалитетот на живот на граѓаните.

Амбасадорката Дрекслер ја истакна подготвеноста на Амбасадата на Германија да продолжи со поддршка и помош за Кочани, нагласувајќи дека, во соработка со Делегацијата на Европската Унија и со други дипломатски мисии, ќе се настојува да се одговори на конкретните потреби на заедницата.

Во таа насока беше и благодарноста од Општина Кочани за досегашната поддршка што Германската амбасада ја обезбеди за Кочани, вклучително и за Доброволното противпожарно друштво – Кочани, преку донации и опрема што значително придонесоа за зајакнување на подготвеноста и капацитетите за справување со пожари и други вонредни состојби. Таа поддршка беше оценета како важен пример за солидарност и конкретна помош на терен.

Средбата заврши со заедничка оценка дека соработката меѓу Општина Кочани и меѓународните партнери е од клучно значење за надминување на последиците од трагедиите и за градење побезбедна и поотпорна локална заедница.





**Делегација од Општина Кочани на фестивалот „Сурва“ во Перник**

Делегација од Општина Кочани присуствуваше на XXXII Меѓународен фестивал на маскарадните игри „Сурва“, во Општина Перник, Република Бугарија. Овој реномиран фестивал годинава одбележува 60 години од своето постоење и претставува еден од најголемите и најпрепознатливи културни настани од ваков вид во регионот.

Во рамките на фестивалската програма, градоначалникот на Кочани Владко Грозданов оствари средби со претставници на локални самоуправи и културни институции од различни држави. На средбите беа разменети мислења и идеи за унапредување на меѓународната соработка, размена на искуства и реализација на заеднички проекти во областа на културата и туризмот.

– Фестивалот „Сурва“ е одличен пример како традицијата и културата можат да бидат мост за поврзување меѓу народите, за градење нови партнерства и пријателства кои во иднина можат да резултираат со конкретни соработки и проекти – изјави градоначалникот Грозданов.





**Во Кочани одбележан празникот Богојавление**

Со традиционалниот чин на осветување на водите и потопувањето на крстот во Кочанска Река, во Кочани беше одбележан големиот христијански празник Богојавление. Чесниот крст го извади од реката 32-годишниот верник Марјан Заов, а настанот се одржа на Крушарскиот мост, во организација на црковниот храм „Св. вмч. Георгиј“.

Богојавленскиот ритуал го предводеше неговото високо преосвештенство, митрополитот Брегалнички г. Иларион, во присуство на голем број верници, кои и покрај студеното време, традиционално учествуваа и сведочеа на овој значаен духовен настан.

– Оваа вековна традиција ги обединува граѓаните и ги зајакнува нашата духовна врска и заедништвото. Им посакувам многу здравје, среќа и духовен мир на сите семејства и на сите граѓани на Општина Кочани – изјави градоначалникот Грозданов, кој на Марјан Заов му подари златник.

Честитајќи им го Богојавление на верниците, митрополитот Брегалнички г. Иларион ја истакна

| | |
|---|---|
| | духовната симболика на празникот и повика сите да живееме во љубов, мир и заедништво, грижејќи се еден за друг. |
| <br> | **Втор ден се расчистува депонијата во месноста Диви Градби – отстранети над 500 кубни метри отпад**<br><br>Втор ден трае расчистувањето на дивата депонија во месноста позната како Диви Градби, која се наоѓа меѓу населбите Трајаново Трло и Усова Чешма во Кочани. Акцијата ја спроведуваат екипи и механизација на КЈП „Водовод“, кои досега изнесоа повеќе од 500 кубни метри отпад.<br><br>На терен се и градоначалникот Владко Грозданов и директорот на КЈП „Водовод“ Дејан Анакиев, кои извршија увид во текот на работите.<br><br>Градоначалникот Грозданов информира дека оваа локација не била расчистувана со години, при што, како што рече, неоправдано се дозволувало натрупување на огромни количини отпад.<br><br>– Станува збор за простор што со години бил запоставен и претворен во дива депонија. Со вакво неодговорно однесување се создал вистински ѕид од отпад, кој претставува сериозна закана за животната средина и за безбедноста на граѓаните. Ова мора да престане и затоа ќе продолжиме со вакви акции, но и со засилен надзор и санкции – изјави градоначалникот Грозданов.<br><br>Комуналните служби апелираат до граѓаните да покажат поголема одговорност и да не создаваат диви депонии, со цел да се зачуваат чисти јавниот простор и животната средина. Акцијата за целосно расчистување на локацијата ќе продолжи и наредните денови. |







**Меѓународен турнир во карате „63 Ангели“ – во чест на жртвите од пожарот во Кочани**

Карате клубот „Партизан“ од Кочани иницира организирање на меѓународен турнир во карате, во чест на жртвите од трагичниот пожар што се случи на 16 март 2025 година во Кочани. По тој повод, претставници на клубот остварија средба со градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов, кој изрази целосна поддршка за иницијативата.

Според првичните најави, меѓународниот турнир ќе се одржи на 28 февруари и ќе го носи симболичниот назив „63 Ангели“. Настанот ќе има хуманитарен карактер, а средствата собрани од котизацијата на учесниците ќе бидат наменети за лекување на повредените од пожарот во дискотеката „Пулс“.

Се очекува на турнирот во карате да учествуваат екипи од земјите од Балканот и од Европа, што ќе му даде меѓународна димензија на настанот и ќе ја пренесе пораката за солидарност и заедништво надвор од границите на државата.

Градоначалникот Владко Грозданов истакна дека ваквите иницијативи се од особено значење за градот и за семејствата погодени од трагедијата.

– Ова е силен и достоинствен начин да се оддаде почит на оние што ги загубија животите и истовремено да им се помогне на повредените. Општина Кочани ќе даде поддршка на турнирот „63 Ангели“, кој носи порака на хуманост, спортски дух и заедништво – соопшти Грозданов.

Организаторите најавуваат дека во наредниот период ќе бидат објавени дополнителни информации за програмата и за учеството на екипите.

**Подобрување на водоснабдувањето и намалување на трошоците за струја – цели за поквалитетни услуги од КЈП „Водовод“**

Градоначалникот на Општина Кочани Владко Грозданов изврши увид во тековните активности за чистење на бунарите во Грдовски Орман, од каде што се обезбедува водата за пиење што ја дистрибуира КЈП „Водовод“ и оствари средби со раководни и стручни служби од кочанското комунално претпријатие.

| | |
|---|---|
| <br> | Со чистењето на бунарите се очекува значително подобрување на капацитетот на водоснабдителниот систем, зголемување на протокот на водата, како и поголема севкупна ефикасност на системот. Овие активности се дел од пошироките напори на Општина Кочани за стабилно и квалитетно водоснабдување на граѓаните.<br><br>Градоначалникот Грозданов информираше дека паралелно со тековните зафати се прават и стручни проценки за отворање нови бунари, со цел зголемување на водните капацитети, особено во периоди на зголемена потрошувачка.<br><br>– Чистењето на бунарите во Грдовски Орман е неопходен чекор за да обезбедиме подобар и посигурен доток на вода за нашите сограѓани. Истовремено, работиме и на долгорочни решенија – нови бушотини, но и оптимизација на трошокот за електричната енергија што се користи за пумпање на водата од бунарите до Фабриката за вода – изјави градоначалникот Грозданов.<br><br>Тој посочи дека месечната сметка на КЈП „Водовод“ за електрична енергија изнесува околу 3 милиони денари, поради што Општината разгледува можности за користење алтернативни извори на енергија, со цел да се намалат трошоците и да се зголеми енергетската ефикасност.<br><br>– Нашата цел е одржливо и економично водоснабдување, со помали трошоци за јавното претпријатие и поквалитетна услуга за граѓаните на Кочани – додава градоначалникот.<br><br>Ваквите активности ќе продолжат и во наредниот период, со фокус на модернизација и унапредување на водоснабдителната инфраструктура. |
|  | **Кочанските навивачи за Македонската ракометна репрезентација на Европското првенство во ракомет донесоа спортска поддршка од Данска**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани, Владко Грозданов, оствари средба со навивачите на Македонската ракометна репрезентација од Кочани, кои беа дел од верната поддршка на нашите ракометари на Европското првенство во Данска.<br><br>Навивачите ги споделија своите впечатоци од патувањето, атмосферата на натпреварите и дружењето со навивачи од други земји, а особено ги истакнаа топлиот прием и гостопримството од страна на домаќините. Тие нагласија дека спортот уште еднаш ја потврдил својата моќ да ги поврзува луѓето без разлика на националноста и растојанијата. |



Под мотото „Растојанието исчезнува кога срцата стојат заедно“, отпечатено на маичките на навивачите, тие ја однесоа пораката за заедништво, лојалност и безрезервна поддршка за Македонската репрезентација, а назад ја донесоа поддршката од Данците за побрзо закрепнување на Кочани по несреќата на 16 март 2025.

Градоначалникот Грозданов им се заблагодари за достоинственото претставување на Кочани и на Македонија во странство, истакнувајќи дека ваквите примери на спортска култура и навивање се вистинска гордост за локалната заедница.





**Општина Кочани и „Пегаз-еду“ воспоставија соработка за едукација и обука за заштита од пожари**

Општина Кочани и Центарот за обука и едукација за заштита од пожари „Пегаз-еду“ од Битола воспоставија меѓусебна соработка со цел да се унапреди едукацијата, заштитата и превенцијата на населението од пожари, како и за стручно усовршување на пожарникарските служби.

Договорот за соработка го потпишаа градоначалникот на Општина Кочани, Владко Грозданов и претседателот на Центарот за обука „Пегаз-еду“, Сашо Атанасовски. Со договорот е предвидено Општина Кочани, преку Територијалната противпожарна единица и Доброволното противпожарно друштво – Кочани, а со стручна поддршка на „Пегаз-еду“, да го оспособи специјално опремениот полигон за реализирање на практичниот дел од обуките.

Обуките ќе се реализираат преку тренинг-вежби на полигонот и преку стручни теоретски предавања, а ќе бидат наменети за професионалните пожарникари од ТППЕ – Кочани и членовите на ДПД – Кочани. Теоретскиот и практичниот дел од обуката ќе се спроведуваат според наставната програма „Пожарникар“, со користење на потребната техника и опрема со која располага ТППЕ – Кочани.

Со оваа соработка се создаваат услови за унапредување на капацитетите на противпожарните служби, зголемување на безбедноста на граѓаните и подигнување на нивото на подготвеност за справување со пожари и други ризици.







**Амбасадорот на Полска Мариуш Бримора во посета на Општина Кочани**

Амбасадорот на Република Полска во Република Северна Македонија, Мариуш Бримора, на 29 јануари ја посети Општина Кочани, при што оствари официјална средба со градоначалникот Владко Грозданов.

На средбата беа разменети мислења за актуелните состојби и развојните потенцијали на Кочани, како и можностите за унапредување на соработката меѓу Општина Кочани и институции, организации и компании од Република Полска. Посебен акцент беше ставен на локалниот економски развој, инвестициите, образованието и искористувањето на европските фондови.

Градоначалникот Грозданов го информираше амбасадорот Бримора за тековните проекти и приоритетите на локалната самоуправа, изразувајќи подготвеност за продлабочување на соработката и воспоставување конкретни партнерства од заемен интерес.

Амбасадорот Бримора ја истакна поддршката на Полска за развојот на локалните заедници и ја нагласи важноста на јакнењето на билатералните односи преку конкретни иницијативи на локално ниво.

Средбата заврши со заедничка оценка дека постои простор за идна соработка и реализација на заеднички проекти во повеќе области од значење за граѓаните на Кочани.


**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**